**20131633871**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2013 година.

Бр. 07- 4556/1
21 ноември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Член 1

Во Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија” број 140/10, 47/11, 148/11 и 39/12), во членот 46 став (4) зборовите: “Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за животната средина“ се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Во членот 48 став (4) зборовите: “Комисијата за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје согласно со Законот за животната средина“ се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 3

Во членот 50 став (2) зборовите: “Комисијата за одлучување по жалби формирана согласно со Законот за Државен пазарен инспекторат“ се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “, а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.